Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 427/0306
10.10 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 октомври 2019 година, врз основа на примена жалба од Ана Камчева, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот ДоказМ.мк, со трите текста насловени „Ана Орцо Макрадули и бугарските шеми и криминал", „Другарчето на Ана Камчева, Виктор Доневски пак ги насанка Инфомакс" и „Ана смисли како да го испере Орце, го пушти по вода идиотов Виктор", го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 5 септември септември 2019 година, Ана Камчева поднесе жалба за повеќе текстови објавени на интернет – порталот ДоказМ.мк, во период од март до септември 2019 година.

Со оглед дека дел од овие текстови се застарени, односно го надминале рокот, според кој постапува Комисијата за жалби (жалба може да се поднесе во рок од 30 дена откако е објавен новинарскиот текст/прилог), Советот за етика ги зеде предвид само текстовите насловени „Ана Орцо Макрадули и бугарските шеми и криминал", „Другарчето на Ана Камчева, Виктор Доневски пак ги насанка Инфомакс" и „Ана смисли како да го испере Орце, го пушти по вода идиотов Виктор", објавени на 31 август и на 4 септември 2019 година, на интернет – порталот ДоказМ.мк (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува дека текстовите содржат неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, нарушување на приватноста, нерамноправност на половите, незаштитена малолетна публика, дискриминација, говор на омраза, навреда и клевета.

Камчева посочува дека интернет – порталот ДоказМ.мк во изминатиот период од две години во континуитет објавувал наслови и текстови со невистина содржина, со кој ѝ наштетува на нејзиниот углед, работа и семејство. Таа го оценува текстот, во кој самата е претставена како дел од бугарските тајни служби и дека имала кумски врски со одредени лица во Бугарија, за ноторна лага и невистина

*„Текстовите се комплетни измислици на авторите и истите немаат никаква допирна точка со реалноста, а објавени се со цел и служат како алатка за нарушување на мојот углед во општеството и влијаат на мојот живот и со сите овие невистини, придонесуваат да влијаат кај моите клиенти, пријателни, познаници итн. да го променат своето мислење што го имаат за мене",* наведува Камчева во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот ДоказМ.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори дека само делумно се согласува со наводите на жалителката и дека вина прифаќа единствено во делот за незастапена втора страна и клевета.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*„Прочитајте го во продолжението на текстовите за Ана и Орце Камчев и сочекајте ден два да ги видите кривичните пријави од ОЈО за лицата. Ние немаме намера да се извиниме за нашиот стил на работа“,* велат од ДоказМ.мк

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 15.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за серијал од три текста, без автор, што веднаш оддава впечаток дека се работи за новинарски производ со сомнителна и тенденциозна содржина.

Во текстовите изобилуваат непотврдени и непроверени информации, навредлив јазик и коментари со елементи за лична дискредитација на подносителката на жалбата и нејзиното семејство. Два од трите текста се преземени од социјалните мрежи и се дословно пренесени, без воопшто да се провери точноста на информациите и да се внимава на можноста за дезинформирање и манипулации. Медиумите имаат одговорност и за содржините преземени од социјалните мрежи, зашто со нивното објавување тие содржини стануваат јавност. Во такви случаи, новинарите се обврзани да побараат став и од другите засегнати страни и да ги проверат информациите колку што е можно повеќе.

На начинот на кој што се објавени, медиумот нуди целосно необјективни информации, готови заклучоци и судови, со што и го минимизира јавниот интерес. Слободата на говор е неприкосновена, но таа не смее да ги надмине границите на слобода на изразување. Оттука, Комисијата за жалби најде дека во текстовите на интернет – порталот ДоказМ.мк е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следните реченици:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Покрај Македонија и Бугарија, трета адреса за уништување опасен отпад им била Романија, ама таму се лоцирани и трајно избркани после голем скандал. Обие информации АНА КАМЧЕВА редовно ги проследува до бугарската тајна служба, а информациите ги има и ДУИ преку САДУЛА ДУРАКУ ВИНТИЛОТ и СДСМ преку ЈАНИ МАКРАДУЛИ. Ги има и СЈО, има и формиран случај, ама КАМЧЕВ навремено си платил да не биде процесуиран...“***

***„Виктор Доневски доушникот на Инфомакс цело лето и секое лето е со Ана Камчева на Хвар се возикаат со бродови и ова е нарачано да се раздни аферата мечка, наседнал младо дете јбг...“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата утврди дека оспорените текстови на ДоказМ.мк содржат непримерни и навредливи коментари, што е недозволиво во новинарската професија. Во овој контекст, Комисијата се согласи дека е прекршен и **членот 15** од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Прекршувањето на овој член е забележливо во еден од насловите на текстовите и во следната реченица.

***„Ана смисли како да го испере Орце, го пушти по вода идиотов Виктор“.***

***„Се фали дека е човек на американската амбасада, познавал странци, уствари е лажго голем, да не заборавиме има стан до Оливера Трајковска, становите се купени од Кондоминас, Оливера нормално п..ка транс, а овој може дупе транс...“***

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се' додека тој не е навредлив и непримерен за публиката.

* * *

**При своето одлучување Комисијата ја зеде предвид и:**

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно

може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот ДоказМ.мк (www.dokazmakedonija.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595